Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА -

Арх. бр.: 02-2771/1

Скопје, 21.11. 2022 год.

## Соопштение

**Управата за финансиска полиција до Основното Јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава** против две лица во својство на управители на Приватната здравствена установа Специјална очна болница ЕУРОПЕАН ЕЈЕ ХОСПИТАЛ п.о. Скопје.

Пријавените лица, во период од 2011 до 2020 година, ја злоупотребиле својата службена положба, на начин што, набавиле повеќе видови медицински средства од сомнително потекло, односно од непознати производители и добавувачи, при тоа истите не ги евидентирале во нивното сметководство како набавени. Медицинските средства се ставени во промет на начин што ги вградувале кај пациенти при извршени оперативни зафати, иако истите не се запишани во Регистарот на медицински средства, не се одобрени од Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД), ниту пак се во согласност со пропишаните услови во Законот за лекови и медицински средства. Нерегистрираните медицински средства не ги евидентирале во своето сметководство со влезни фактури и за вградување на истите не евидентирале материјален излез, при тоа наплатиле парични средства од пациенти со што се стекнале со значителна противправна имотна корист во вкупен износ **од 38.808.491 денари**.

Пријавените за дел од вградените медицински средства, кои се набавени на нелегален начин и не се одобрени од Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД), наплатиле партиципација од пациентите, а на штета на Фондот за здравствено осигурување на РСМ наплатиле износ од **7.037.050** денари .

Со горенаведените инкриминирачки дејствија од страна на пријавените лица причинета е вкупна материјална штета од 45.845.541 денари.

Република Северна Македонија Министерство за финансии Управа за финансиска полиција Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Financave Drejtoria e Policisë Financiare Shkup

Управа за финансиска полиција